romaversitas north macedonia

ROMA EDUCATION FUND Invest | Educate | Engage

This Project is funded by the European Union

# ПОВИК ЗА ОБУЧУВАЧ

## за активација на пазарот на трудот на студенти Роми

Во рамките на проектот:
„Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во високото образование и транзицијата на пазарот на трудот"

Здружението на граѓани „Ромаверзитас" - Скопје во рамките на проектот: **„Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во високото образование и транзицијата на пазарот на трудот",** финансиран од Европска Унија и РЕФ, објавува повик ОБУЧУВАЧ за активација на пазарот на трудот на студенти Роми.

**<u>Опис на активноста</u>**

Оваа активност ќе овозможи на студентите Роми да посетат обука за активација на пазарот на трудот и зголемување на академскиот успех со цел да стекнат знаења и вештини за успешна транзиција на пазарот на трудот. Овие вештини ќе им помогнат на студентите Роми да ги развијат своите способности преку управувана експертска програма и по успешно завршување на курсот ќе добијат сертификат.

Исто така, студентите Роми ќе добијат информации за потенцијални универзитети каде што можат да го продолжат своето образование. Тие ќе бидат водени за да го изберат вистинскиот профил за нив.

Овој курс ќе опфати минимум 10 студенти.

**<u>Цели на активноста</u>**

- Да им помогне на студентите Роми да обезбедат успешна транзиција во следното ниво на нивното образование или да се вработат;
- Да им помогне на студентите Роми да се запишат на универзитетот или да ја изберат вистинската професија при транзиција на пазарот на трудот
- Да обезбеди академска поддршка за целиот процес со цел студентите да донесат информирана одлука;
- Да им помогне на студентите да идентификуваат, креираат и реализираат индивидуални цели на личен и професионален план;
- Да поддржи развој на средношколци лидери кои имаат знаење, вештини и способности за реализирање на своите лични и кариерни цели;
- Да обезбеди целосна академска поддршка за надминување на сите проблеми и нејаснотии што ќе ги имаат студентите во текот на своето образование.

**<u>Работни задачи на обучувачот</u>**

- Да подготват материјали за работа за време на обуката;
- Да ја спроведат обуката;
- Да подготват агенда за обуката;

- Да изготват наративен извештај за обуката.

*** Селектираното лице ќе склучи договор за авторско дело во кое ќе се регулираат работните задачи и висината на авторскиот надоместок. По исполнување на работните задачи во временската рамка ќе добие авторски надоместок во бруто износ од 600 евра, во денарска противвредност.

**<u>Основни критериуми:</u>**

- Соодветно високо образование (предност постдипломски студии)
- Работно искуство од најмалку 5 години во спроведување на обуки, работилници, семинари и тн.
- Да има искуство со работа на маргинализирани групи (предност со Ромската заедница)
- Да има одлични презентерски и комуникациски способности
- Да имаат способности за планирање и организација

**Потребни Документи за пријавување за обучувач**

За пријавување за ментор треба да се достават следните документи:

- кратка биографија
- диплома за завршено соодветно образование
- Друга документација која кандидатот смета дека ќе му биде во прилог на апликацијата (доколку има референтни писма, доколку поседува искуство за слична работа во други проекти, сертификати и сл.)

Сите заинтересирани кандидати, се охрабруваат да ги достават документите најдоцна до 17.06.2024 часот на меил kristijan.angelkov@romaversitas.org.mk или во просториите на Ромаверзиас, со назнака: Апликација за обучувач за активација на пазарот на трудот на студенти Роми.

The project "Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey" is funded by European Union